## Што се тоа средства за повремена компресија?
## What Are Sequential Compression Devices?

Средствата за повремена компресија често пати се користат во одделенијата за интензивна нега кај оние пациенти за кои се смета дека постои опасност да добијат тромбоза на длабинските вени (deep vein thrombosis -DVT). Средствата за повремена компресија на мускулот на потколеницата се користат за да се спречи формирање на згрутчена крв во нозете. Тромбозата на длабинските вени е проблем затоа што парче од згрутчената крв може да се оддели од крвниот сад и да отиде во белите дробови и да предизвика “пулмонарен (белодробен) емболизам”. За таа цел се направени овие средства за компресија, за да помогнат во спречувањето на оваа болест што може да биде смртоносна.

### На кој начин работат?
### How Do They Work?

Средствата за повремена компресија се состојат од ракави што се полнат со воздух и пумпа. Кога ракавите повремено ќе се наполнат со воздух, доаѓа до соодветна повремена компресија на нозете. Како резултат на тоа поголемо количество крв од вените на нозете се враќа во срцето. Овие средства за компресија се релативно удобни за носење и не го ограничуваат движењето на нозете.

### Дали има некакви компликации?
### Are There Any Complications?

Сите интерванции и процедури во Одделението за интензивна нега носат одреден степен на ризик дури и кога се изведуваат од страна на обучен и искусен персонал. Ве молиме да ги продискутирате овие прашања со медицинскиот персонал кој се грижи за пациентот.

### Дали имате некакви прашања?
### Any Questions?

Секако, ако имате некакви прашња или грижи, ве молиме да разговарате со сестрите и докторите од Одделението за интензивна нега.

